Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) Министерство за транспорт и врски, на ден ___________ година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички проект за линиска инфраструктура вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ Осломеј 3Б - ТС 110/35 kV Осломеј, К.О. Осломеј, К.О. Жубрино и К.О. Србица вон град, општина Кичево, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички проект за линиска инфраструктура вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ Осломеј 3Б - ТС 110/35 kV Осломеј, К.О. Осломеј, К.О. Жубрино и К.О. Србица вон град, општина Кичево, се определуваат: Општина Кичево, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Урбанистички проект за линиска инфраструктура вон опфат на урбанистички план за изградба на 110 kV кабелски вод ТС 20/110 kV ФНЦ Осломеј 3Б - ТС 110/35 kV Осломеј не претставува значителен извор на емисии, кои можат да го нарушат квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

**Министер**

**Благој Бочварски**

Бр. 67-782/3

28.09.2023 година

Скопје